# Извадок на дел од дневни настани 20.06.2023

На 19.06.2023 во 14.00 часот и на 20.06.2023 во 04.30 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица ги лишиле од слобода Ј.Д.(31) од Струмица и С.Д.(50) од с.Три Води, струмичко. Тие се сомничат дека на 19.06.2023 околу 05.00 часот со употреба на сила и тврди предмети влегле во куќата на С.Н.(64) од с.Три Води, физички го нападнале и му одзеле пари. Двајцата биле задржани во полициска станица и со нив бил извршен службен разговор. За настанот бил запознаен јавен обвинител и по негово расчистување и документирање ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.06.2023 во 22.20 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници го лишиле од слобода В.П.(39) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.06.2023 во 14.40 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници го лишиле од слобода А.М.(45) од Тетово затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.06.2023 околу 03.30 часот на улица „Борче Јовановски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 51-годишниот гостиварец Ф.С. затоа што кај него бил пронајден и одземен кокаин. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 19.06.2023 околу 12.30 часот на улица „Видое Смилевски - Бато" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово лишиле од слобода малолетник од Добарце затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе следува поднесок.

На 19.06.2023 во 10.30 часот на граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го привеле Е.Г.(30) од Косово затоа што при гранична контрола било констатирано дека на увид приложил косовска лична карта на друго име. Лицето било предадено на полициски службеници од Одделението за прекугранични криминал и миграции при Регионалниот центар за гранични работи Север за понатамошна постапка.

На 19.06.2023 во 16.45 часот на регионалниот пат Маврово-Дебар, кај место викано „Бошков мост", полициски службеници од Полициската станица Жировница го привеле П.Е.(52) од Република Албанија затоа што по извршена контрола било констатирано дека непријавено престојува во државата. Лицето било предадено на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Дебар за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (19.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 392 возачи. Од нив, 12 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 248 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 144 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (19.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 253 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 117 санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, 12 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, четири санкции за управување под дејство на алкохол. Изречени се шест санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), 12 санкции за користење мобилен телефон при управување возило, три мерки за недавање првенство на минување на пешаци...

На 19.06.2023 околу 21.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Партизански одреди", патничко возило „сузуки свифт" со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.А.(22) од Скопје, удрило во малолетен пешак од Скопје. По несреќата, малолетникот бил префрлен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде од лекар му се констатирани тешки телесни повреди, Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 19.06.2023 во 21.00 часот во СВР Тетово, С.А.(43) од гостиварско Врапчиште пријавила дека на локалниот пат Зубовце-Врапчиште била касната од куче скитник.

На 19.06.2023 во 22.50 часот, М.Х.(19) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улица „Партизански одреди" во Кичево бил каснат од куче скитник.

Единицата за корупција при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (ОСОСК) денеска (20.06.2023) до ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција поднесе кривична пријава против И.П.(45) од Скопје, за сторено кривично дело „противзаконито ослободување на лице лишено од слобода", предвидено и казниво по член 373 од Кривичниот законик. Имено, И.П. во својство на службено лице-затворски полицаец при КПУ-КПД Идризово Скопје, на 18.05.2023, додека бил на смена, на барање на Д.К. од Куманово, осуден за издржување казна затвор до 2027 година за сторени кривични дела по чл.237 ст.1 и чл.396 ст.1 од Кривичниот законик, со затворен третман, му ја отворил вратата кон Отвореното одделение, овозможувајќи му истиот да избега од КПУ Идризово. Со вака преземените дејствија И.П. постапил спротивно на процедурите, надлежностите и работните задачи и обврски за обезбедување, со што сторил кривично дело „противзаконито ослободување на лице лишено од слобода", по чл. 373 од Кривичниот законик.

На 19.06.2023 во СВР Куманово било пријавено дека во Казнено - поправната установа Затвор К'шање - Куманово, Б.С., кој издржувал мерка притвор, бил физички нападнат од Б.И. и Ш.Д., затвореници во установата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.06.2023 година во СВР Куманово било пријавено дека во село Отља, липковско, при ископ за поправка на водовод, биле пронајдени седум неексплодирани гранати. На 19.06.2023 екипа од СВР Куманово извршила увид, а пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување, констатирал дека станува збор за гранати од рачен ракетен фрлач кои најверојатно потекнуваат од 2001 година. Гранатите биле безбедно подигнати за понатамошна постапка.

На 19.06.2023 во периодот од 12.00 до 17.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово била спроведена акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници, автобуси, комбиња и патнички-такси возила. При контролата било утврдено дека 7 возила (ТЕ-6 и ГВ-1) вршеле јавен превоз без потребните документи и на нивните возачи и сопственици ќе им бидат изготвени поднесоци по член 284-а од Кривичниот законик. Покрај тоа, санкционирани биле и 3 возила (ТЕ-2 и ГВ-1) кои имале неисправни сопирачки и 1 возило (ГВ) со други технички недостатоци. Санкционирани, исто така, биле и 10 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-5 и ГВ-5).

На 19.06.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 26 прекршоци, од кои 12 во населено место и 14 надвор од населено место. Санкционирани биле и 15 други видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некористење сигурносен појас и 5 за непрописно паркирање.

На 19.06.2023 во периодот од 13.00 до 17.00 часот на подрачјето на Струга преземени се сообраќајни контроли во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници санкционирале 21 возачи, кои управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (16-надвор од населено место, 05-во населено место).

На 20.06.2023 во 01.30 часот на подрачје на Шуто Оризари, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Џ,К.(46) и С.К.(36), двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека околу 00.20 часот со метални и дрвени предмети предмети ги нападнале Џ. Б.(31), Р.Б.(40), А.Б.(34) и С.Б.(18), сите од Скопје, по што оштетиле и дел од покуќнината во нивниот дом. Причина за нападот, според пријавеното, било претходно недоразбирање помеѓу нивните деца. Двајцата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.06.2023 во 15.35 часот во ОВР Кочани било пријавено дека околу 15.30 часот во автомеханичарска работилница во населбата Оризари, кочанско, со повреди се здобил В.С.(79) од Виница. Увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Кочани, при што било констатирано дека околу 15.30 часот во автомеханичарската работилница, Б.Д.(62) од Кочани стартувал товарно моторно возило, сопственост на В.С., , при што го удрило В.С.. Притоа, В.С. се здобил со тешка телесна повреда констатирана во болницата во Кочани. Се работи на расчистување на случајот.

На 19.06.2023 во 16.20 часот во Полициската станица Драчево, У.С.(22) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека на кров од неговата фабрика во с.Студеничани пронашол зрно од огнено оружје, при што бил оштетен еден сончев колектор. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје, која го подигнала зрното за понатамошна постапка.

На 19.06.2023 во 13.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Борис Трајковски" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „пежо", сопственост на МВР и мотоцикл „априлија" со скопски регистарски ознаки, управуван од В.М.(30) од Скопје. Во незгодата со телесни повреди се здобил мотоциклистот В.М., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски".Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 20.06.2023 во 03.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Тале Христов", две лица со закана кон обезбедувањето влегле внатре, но не одзеле ништо. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.06.2023 во 09.45 часот во Полициската станица Центар, Д.В.(59) од Куманово пријавила дека на ул.„Кеј 13 Ноември" во Скопје била касната од куче скитник.

На 20.06.2023 во 11.30 часот во Полициската станица Центар, Љ.Т.(75) од Скопје пријавил дека на бул.„Илинден" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 20.06.2023 во 10.00 часот во Полициската станица Карпош, Д.Р.(62) од Куманово пријавила дека на ул.„Иван Цанкар" во Скопје била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.А.(37) од с.Стримница, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „измама". Во март 2023 година, пријавениот довел во заблуда две лица и од нив земал разновидни производи со вкупна вредност од 19.000 евра, но не ги платил до пријавувањето.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет